**Врз основа на член 15–а став (2) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 47/06, 86/08, 51/11 и 28/14) и член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13), министерот за финансии, донесе**

# П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ПОТТИКНУВАЊЕ КОГА ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА ДОБИВА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И ИСТИТЕ ГИ КОРИСТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАБАВКИ НА ДОБРА И УСЛУГИ СО ЦЕЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ВРШИТЕЛОТ НА ПРОМЕТОТ КОГА ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА ДОБИВА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА И ИСТИТЕ ГИ КОРИСТИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАБАВКИ НА ДОБРА И УСЛУГИ КАКО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Службен весник на РМ бр.78 од 16.05.2014 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на даночното поттикнување кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, како и формата и содржината на барањето за враќање на данок на додадена вредност на вршителот на прометот кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги, како и потребната документација.

## Член 2

(1) Начинот на спроведување на даночното поттикнување кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги со цел за реализација на јавниот интерес, се врши преку обезбедување на средства од Буџетот на Република Македонија за плаќање на данок на додадена вредност, а со враќање на уплатениот данок на додадена вредност на сметката на вршителот на прометот.

(2) Вршителот на прометот, уплатата на данокот на додадена вредност од ставот (1) на овој член, ја врши со налог за јавни приходи (образец ПП-50) на Трезорска сметка 100000000063095 - Народна банка на Република Македонија, уплатна сметка 840 - (ознака на општината) – 02902, приходна шифра: 714119, програма: 00, повик на број - задолжување: во кој се наведува бројот на фактурата за извршениот промет, цел на дознака: данок на додадена вредност по основ на донации.

## Член 3

(1) Барањето за враќање на данокот на додадена вредност на вршителот на прометот, кога примател на донација добива финансиски средства и истите ги користи за плаќање на набавки на добра и услуги, се поднесува на образец (ЗДС/ФС-ДДВ) А-4 формат со бела боја до Министерство за финансии, во два примерока.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член содржи:

- податоци за примател на донација;
- податоци за контакт;
- податоци за донација и
- податоци од фактури за кои се бара враќање на данок на додадена вредност.

(3) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Кон барањето од членот 3 на овој правилник, се приложуваат следните докази:

1. фактура во оригинал од вршителот на прометот, за прометот на добра и услуги издадена кон примателот на донацијата. Во фактурата треба да е содржан бројот и датумот на решението донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата, а износот на данок на додадена вредност во фактурата да е искажан во денари,
2. копија од решение донесено од Министерството за правда со кое се потврдува јавниот интерес на донацијата и во кое е содржано: предметот на донацијата, вредноста на донацијата, давателот на донацијата и примателот на донацијата и
3. копија од налог за јавни приходи (Образец ПП-50) за извршена уплата на данок на додадена вредност.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-7232/12
9 мај 2014 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.